**ДП бр. 6/24**

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот С.Д. од Г., по одржаната расправа во согласност со членовите 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, **на ден 18.11.2024 година,** го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Нотарот С.Д. од Г., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметите ОДУ бр. 1472/23, ОДУ бр. 277/23, ОДУ бр. 5/24, ОДУ бр. 26/24, ОДУ бр. 134/24, УЗП бр. 1902/23 и УЗП бр. 5698/22, наплатените судски такси не ги уплатил истиот ден или најдоцна наредниот работен ден на соодветна уплатна сметка преку носителот на платниот промет на образец ПП-50-налог за јавни приходи, со што постапил спротивно на членот 158 од Законот за нотаријатот, членот 51 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и imeниците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија и член 3 од Правилникот за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет, поради што се казнува со дисциплинска мерка - **јавна опомена**.

**Претседател на Совет**
**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението дозволена е Жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда.